Република Македонија

Министерство за финансии

Врз основа на член 13 од Законот за финансиски друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 53/11 и 112/14), министерот за финансии донесе

# РЕШЕНИЕ

1. СЕ ИЗДАВА дозвола за основање и работа на Финансиско друштво „М КЕШ Македонија" ДООЕЛ, со седиште на бул. „8-ми Септември" бр.16, Хипериум бизнис центар, 2 кат, Скопје.

2. СЕ ДАВА согласност лицето Валентин Вилијанов Гетов, државјанин на Република Бугарија, да ја врши функцијата управител на Финансиското друштво „М КЕШ Македонија" ДООЕЛ Скопје.

3. Финансиското друштво „М КЕШ Македонија" ДООЕЛ ќе ги врши следните финансиски активности:
   - одобрување на кредити;
   - факторинг;
   - издавање на гаранции и
   - советување поврзано со финансиските активности – одобрување кредити, факторинг и издавање на гаранции.

4. Основач на Финансиското друштво „М КЕШ Македонија" ДООЕЛ е „Изи Асет Менаџмент" АД Софија, Република Бугарија.

5. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Странското правно лице „Изи Асет Менаџмент" АД, небанкарска финансиска институција, со регистрирано седиште во Софија, Република Бугарија, преку полномошникот адвокат Иван Мишев од Скопје, до Министерството за финансии поднесе барање бр.12-27558/1 од 08.08.2014 година за издавање на дозвола за основање и работа на Финансиско друштво „М КЕШ Македонија" ДООЕЛ (во понатамошниот текст: ФД М КЕШ).

Република Македонија

Министерство за финансии

Кон барањето ја приложи следнава документација:

1. Предлог изјава за основање на ФД М КЕШ;
2. Предлог име и седиште на финансиското друштво – Финансиско друштво М КЕШ Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. „8-ми Септември" бр.16, Хипериум бизнис центар, 2 кат, Скопје, Република Македонија;
3. Решение бр. 11-795/2 од 01.07.2014 година со кое се одобрува на ФД М КЕШ да го содржи името „Македонија" во името на друштво, издадено од Министерството за правда на Република Македонија;
4. Доказ за уплата на парични средства на привремена сметка бр. МК 07210300000285724 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје во износ од 100.000 евра на име основна главнина – Образец 743 Извештај за наплата од странство и Наредба за трансфер на девизни средства – 100.000 евра од сметката на „Изи Асет Менаџмент" БГ 83РЗББ91551066525218 на сметка на примателот ФД М КЕШ 07210300000285724 во „Тутунска банка" АД Скопје;
5. Идентитет на лицето кое има намера да основа финансиско друштво –Уверение бр.20140724112738 од 24.07.2014 година, издадено од Министерството за правосудство - Агенцијата за впишување на Република Бугарија за „Изи Асет Менаџмент" АД, со ЕМБС 131576434;
6. Документ дека не е поведена стечајна или ликвидациона постапка над „Изи Асет Менаџмент" АД – Уверение бр.20140724113016 од 24.07.2014 година, издадено од Министерството за правда - Агенција за впишување на Република Бугарија;
7. Листа на предложени членови на органот на управување со докази за исполнување на условите за вршење на функцијата член на орган на управување и тоа:
   - Кратка биографија на лицето Валентин Вилијанов Гетов, предложен член за управител;
   - Копија од пасош на лицето Валентин Вилијанов Гетов;
   - Доказ за 3 години работно искуство во областа на финансиите и банкарството и препорака за поседување на стручни искуства во работењето на финансиска институција – Изјава од Неделчо Јорданов Спасов, Извршен директор на „Изи Асет Менаџмент" АД Софија од 25.05.2014 година со која потврдува дека Валентин Вилијанов Гетов е вработен во „Изи Асет Менаџмент" АД Софија повеќе од 5 години и поседува стручно искуство во работењето на финансиска институција;
   - Доказ за завршено високо образование – Диплома број 043994, издадена од Стопанската академија „Димитар Апостолов Ценов", факултет за финансии, Свиштов, Република Бугарија, дека лицето Валентин Вилијанов

Гетов се стекнало со степен и стручен назив – магистер по економија;
- Нотарски заверена Изјава од 21.05.2014 година на лицето Валентин Вилијанов Гетов, дека не било одговорно лице во трговско друштво над кое е поведена стечајна постапка и дека не е член на орган на управување со банка, филијала на странска банка или штедилница;
- Потврда со рег. бр. 44727 од 28.04.2014 година, издадена од Софискиот регионален суд, Биро за криминални досиеја, дека лицето Валентин Вилијанов Гетов не е осудувано;
- Доказ за уплатени 1.500 денари на име административна такса за издавање согласност за член на орган на управување на финансиско друштво - Образец ПП50 од 19.08.2014 година.

8. Финансиски активности што ќе ги врши друштвото –одобрување на кредити, факторинг, издавање на гаранции и советување поврзано со финансиските активности кои ги обавува;
9. Програма за работа на финансиското друштво со проекција на финансиски извештаи за наредните три години – Бизнис план на ФД М КЕШ 2014-2016;
10. Интерни процедури за вршење на финансиските активности, вклучувајќи критериуми и услови за кредитирање и за процена на кредитната способност на кредитобарателите – Оцена на апликанти за основни производи;
11. Програма за спречување на перење пари, одобрена од Управата за финансиско разузнавање со мислење бр.12-9/70 (14) од 27.06.2014 година;
12. Ревидирани финансиски извештаи на друштвото „Изи Асет Менаџмент“ АД Софија од страна на овластен ревизор за последните три години;
13. Извод од регистарот во кој е регистрирано друштвото „Изи Асет Менаџмент“ АД Софија - Уверение бр.20140724112738 издадено на 24.07.2014 година од Министерството за правосудство - Агенција за впишување на Република Бугарија;
14. Доказ за уплатени 3.000 денари на име административна такса за издавање дозвола за основање на финансиско друштво.

Министерството за финансии ги разгледа доставените прилози и констатира дека поднесената документација е некомплетна, поради што со писмо бр.12-27558/2 од 22.08.2014 година до полномошникот адвокат Иван Мишев побара во рок од 30 дена да се доставаат докази дека против основачот „Изи Асет Менаџмент“ АД Софија не е изречена мерка забрана за вршење на дејност и дека против одговорното лице на „Изи Асет Менаџмент“ АД Софија не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Основачот, преку полномошникот адвокат Иван Мишев, достави допис бр.12-27558/3 од 25.09.2014 година, со кој го извести Министерството за финансии дека кај основачот „Изи

Асет Менаџмент“ АД Софија се извршени промени на извршните директори, поради што доставено е и ново Уверение бр.20140911142043 од 11.09.2014 година, издадено од Министерство за правда – Агенција за впишување на Република Бугарија.

Со дописот беа доставени следниве документи за комплетирање на барањето:

1. Писмо од Бугарска народна банка бр. БНБ-108358 од 17.09.2014 година дека Бугарската народна банка врши надзор над работата на финансиската институција „Изи Асет Менаџмент“ АД Софија и дека против неа, нејзините акционери и директори не се преземени никакви санкции или забрани за вршење на дејност кои ги применува Бугарската народна банка;
2. Потврда бр. 90941 од 26.08.2014 година за неосудуваност на извршниот директор на „Изи Асет Менаџмент“ АД Софија Дафинка Стилијанова Иванова, издадена од Софискиот регионален суд;
3. Потврда бр. 5839 од 27.08.2014 година за неосудуваност на извршниот директор на „Изи Асет Менаџмент“ АД Софија, Кирил Крумов Михајлов, издадена од Регионален суд Благоевград.

Министерството за финансии ја разгледа доставената документација и констатира дека се доставени сите документи согласно со членовите 8 и 9 од Законот за финансиските друштва, по што пристапи кон нивно разгледување.

Според Предлог изјавата за основање на ФД М КЕШ, друштвото ќе биде организирано како друштво со ограничена одговорност на едно лице основано од единствениот содружник „Изи Асет Менаџмент“ АД Софија од Република Бугарија со паричен влог во висина од 100.000 евра.

Друштвото ќе работи и учествува во правниот промет под фирма: Финансиско друштво „М КЕШ Македонија“ ДООЕЛ Скопје. Седиштето на друштвото е на бул. „8-ми Септември“ бр.16, Хипериум бизнис центар, 2 кат, Скопје.

ФД М КЕШ ќе ги врши следниве финансиски активности: одобрување кредити, факторинг, издавање на гаранции и економско-финансиски консалтинг поврзано со финансиските активности кои ги врши.

За основачот на ФД М КЕШ, „Изи Асет Менаџмент“ АД Софија, доставени се потврди и уверенија од надлежни институции, не постари од шест месеци, дека против него не е изречена прекршочна санкција – забрана на вршење на професија, дејност или должност.

Основачот има уплатено парични средства на име основна главнина во износ од 100.000 евра, на посебна сметка кај НЛБ Тутунска банка Скопје, видно од доставениот образец 743, со што е исполнет минимумот за висината на основната главнина пропишан со член 7 од Законот за финансиските друштва. Средствата за основната главнина потекнуваат од сопствени средства на единствениот содружник „Изи Асет Менаџмент“ АД Софија од Република Бугарија.

Република Македонија

Министерство за финансии

За управител на ФД М КЕШ е предложен Валентин Вилијанов Гетов, магистар по економија. Во барањето се доставени доказите од член 9 од Законот за финансиските друштва, од кои се утврди дека предложеното лице ги исполнува условите за управител на финансиското друштво.

Според Програмата за работа, ФД М КЕШ предвидува да оствари позитивни финансиски резултати во наредните три години, што претставува основа за редовно работење и развој на друштвото на финансискиот пазар. Од Програмата е видно дека стратешката цел на друштвото ќе биде насочена кон обезбедување на финансиски услуги и производи на граѓаните и малите и средни претпријатија.

Од приложената документација се утврди дека се исполнети условите од членовите 8 и 9 од Законот за финансиските друштва, заради што се одлучи како во диспозитивот на решението.

Решено во Скопје на 30.10.2014 година под број 12-27558/4.

Зоран Ставрески
Заменик претседател на Влада и
министер за финансии

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ II СКОПЈЕ